# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 16 | Вторник, 03 октомври 2006 год. |
|---|---|

## С о д р ж и н а

### Совет на општина Струмица

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 143. | **Одлука** за донесување на Стратегиски план за еконоски развој на струмичкиот микро-регион……………………………..… | 258 |
| 144. | **Заклучокот** за доставување Годишен извештај за реализација на Стратегискиот план за економски развој на струмичкиот микро- регион …………….. | 258 |
| 145. | **Одлука** за основање на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро - регион ……………………………… | 259 |
| 146. | **Статут** на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро – регион …………………………………….. | 260 |
| 147. | **Програма** на Фондацијата за локален економски развој и информа-тичка технологија на струмичкиот микро – регион ……………………………………….. | 266 |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

### Р е ш е н и е
### за објавување на Одлуката за донесување на Стратегиски план за економски развој на Струмичкиот микро - регион

1. Се објавува Одлуката за донесување на Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот микро - регион, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.09.2006 година.

| | |
|---|---|
| Број 08- 6565/2 | Градоначалник |
| 26.09.2006 од. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

**143.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 25.09.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот – микро регион**

1. Се донесува Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот микро – регион.

2. Стратегилскиот план за економски развој на Струмичкиот микро – регион, влегува во сила со денот на неговото донесување, поединечно од страна на Советот на општина Струмица, Советот на општина Василево, Советот на општина Босилово и Советот на општина Ново Село.

Број 07-6565/1 Совет на општина Струмица
25.09.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за доставување Годишен извештај за реализација на Стратегискиот план за економски развој на струмичкиот микро- регион

1. Се објавува Заклучокот за доставување Годишен извештај за реализација на Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот микро-регион, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.09.2006 година.

Број 08- 6565/4 Градоначалник
26.09.2006 од. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

**144.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмциа” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 25.09.2006 година, расправајќи по Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот мирко – регион, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Одделението за локален економски развој на општина Струмица до Советот на Општината да достави Годишен извештај за реализација на Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот микро регион, од кој ќе се согледа што е реализирано во извештајниот период, а што останува за реализација во наредниот период.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-6565/3 Совет на општина Струмица
25.09.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за основање на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион

Се објавува Одлуката за основање на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.09.2006 година.

Број 08- 6600/2 Градоначалник
27.09.2006 од. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

**145.**

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (“Сл. весник на РМ” бр.31/98) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седница одржана на 26.09.2006 година, донесе

## О д л у к а
## за основање на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион

Член 1

Се основа Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион во Општина Василево.

Член 2

Фондацијата ќе работи под името "Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкииот микро регион”.

Скратен назив на Фондацијата е: Фондација ЛЕР ИТ, с. Василево.

Седиштето на Фондацијата е во Општина Василево - Василево бб.

Член 3

Основачи на Фондацијата се:

- Општина Василево, с.Василево бб со матичен број 6025277;
- Општина Струмица, Струмица, ул.Сандо Масев бр.1 со матичен број 6007040;
- Општина Ново Село с.Ново Село ул.”Мануш Турновски” бб со матичен број 6020739; и
- Општина Босилово, с.Босилово бб со матичен број 5999600.

Член 4

Фондацијата се основа на неопределено време.

Член 5

Цели на фондацијата се:

- развој на модел за оперативност на партнерството од трите сектори (јавен, приватен и невладин сектор) и да ги искористи неговите капацитети;
- овозможување на целосна апликација на локалната стратегија за економски развој;
- учество во создавањето на услови за економски развој;
- обезбедување средства потребни во развојот на бизнисот и локалната инфраструктура во среднорочен развоен циклус;
- остварување соработка со владините, невладините институции и други сродни организации;
- вршење промоција на информатичките технологии;
- едукација на млади кадри, членови на невладини организации, невработени лица и други индивидуалци во областа на ИКТ;
-унапредување на информатичките технологии во локалната самоуправа преку остварување соработка со општините;
-создавање можности за одржување на советувања, симпозиуми, трибини и размена на искуства;
- овозможување на практична едукативна надградба на младиот кадар, помагање и подршка на невработените при барање на вработување;
-помагање на вработените, невладините организации и други индивидуални лица на проблемите на кои ќе наидат во текот на нивното работење;
-учество во промовирање на нови инвестиции во областа на компјутеризацијата;
-учество во активностите за обезбедување на нови програмски решенија;
-овозможување на развој на едукативна, културна и забавна надградба во областа на интернетот;

Фондацијата ќе биде менаџер на имплементација на стратегиите и плановите за развој на општините од струмичкиот микро регион, ќе ја промовира стратегијата за ЛЕР, ќе ги искористи веќе создадените капацитети и услови за информациони комуникациони бази во општините и други активности кои ќе придонесат во создавањето на поволната економска средина и развојот на информатичната технологија;

Член 6

Основачкиот капитал на Фондацијата е во вкупен износ од 5.002 евра во денарска противвредност според курсот на НБ на РМ кој ќе биде обезбеден од основачите, односно:

- Општина Струмица ќе обезбеди и уплати на сметка на Фондацијата од својата сметка 2.500 евра;
- Општина Василево ќе обезбеди и уплати на сметката на Фондацијата од својата сметка 834 евра;
- Општина Ново Село ќе обезбеди и уплати на сметката на Фондацијата од својата сметка 834 евра;

- Општина Босилово ќе обезбеди и уплати на сметката на Фондацијата од својата сметка 834 евра, сите во денарска противвредност според курсот на НБ на РМ.

Член 7

Органи на Фондацијата се: Управен одбор, Надзорен одбор и Извршен директор.

Мандатот на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор трае 4 години.

Со Фондацијата раководи извршен директор, кој ја застапува и претставува Фондацијата.

Член 8

Управниот одбор е составен од 5 члена и тоа:

1. Зоран Узунов претставник од општина Струмица;
2. Ристо Михаилов претставник од општина Василево;
3. Кирил Јанков претставник од општина Босилово;
4. Атанас Атанасов претставник од општина Ново Село.
5. Љупка Карадаковска која не е од редот на вработените од Центарот за ЛЕР на струмичкиот микро-регион, вработена во “Маби -Трејд – Дентина” Струмица.

Член 9

Надзорниот одбор е составен од 3 члена и тоа:

1. Милан Андонов претставник од Општина Босилово;
2. Кирил Парталов претставник од Општина Струмица;
3. Влатко Ушинов претставник од Партнерството кој не е од редот на вработените од Центарот за ЛЕР на Струмичкиот регион, вработен во ЗГ “Утро” Ново Село

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, поединечно од страна на Советот на општина Струмица, Советот на општина Василево, Советот на општина Босилово и Советот на општина Ново Село, а ќе се применува со денот на уписот на Фондацијата во судскиот регистар.

| | |
|---|---|
| Бр.07-6600/1 | Совет на општина Струмица |
| 27.09.2006 год. | Претседател, |
| Струмица | Зоран Ристов с.р. |

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Статутот на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион

Се објавува Статутот на Фондација за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро-регион, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.09.2006 година.

| | |
|---|---|
| Број 08- 6602/2 | Градоначалник |
| 27.09.2006 од. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

…………….

**146.**

Врз основа на член 5 и член 37 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (“Сл. весник на РМ бр.31/98) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст(Сл. гласник на општина Струмица бр.5/06), Советот на општина Струмица на седница одржана на 26.09.2006 година, донесе

**С Т А Т У Т**
**на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро-регион**

I. Општи одредби

**Член 1**

Основачите ја основаат Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион заради остварување на следните цели:

-развој на модел за оперативност на партнерството од трите сектори(Јавен, приватен и невладин сектор) и да ги искористи неговите капацитети;

-овозможување на целосна апликација на локалната стратегија за економски развој;

-учество во создавањето на услови за економски развој;

-обезбедување средства потребни во развојот на бизнисот и локалната

инфраструктура во среднорочен развоен циклус;

-остварување соработка со владините, невладините институции и други сродни организации;

-вршење промоција на информатичките технологии;

- едукација на млади кадри, членови на невладини организации, невработени лица и други индивидуалци во областа на ИКТ;

-унапредување на информатичките технологии во локалната самоуправа преку остварување соработка со општините;

-создавање можности за одржување на советувања, симпозиуми, трибини и размена на искуства ;

- овозможување на практична едукативна надградба на младиот кадар, помагање и подршка на невработените при барање на вработување;

-помагање на вработените, невладините организации и други индивидуални лица на проблемите на кои ќе наидат во текот на нивното работење;

-учество во промовирање на нови инвестиции во областа на компјутеризацијата;

-учество во активностите за обезбедување на нови програмски решенија;

-овозможување на развој на едукативна, културна и забавна надградба во облата на интернетот.

Фондацијата ќе биде менаџер на имплементација на стратегиите и плановите за развој на општините од струмичкиот микро регион, ќе ја промовира стратегијата за ЛЕР, ќе ги искористи веќе создадените капацитети и услови за информациони комуникациони бази во општините и други активности кои ќе придонесат во создавањето на поволната економска средина и развојот на информатичната технологија.

Член 2

Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион своите права , должности и одговорности ги остварува согласно со Уставот, законот и овој Статут.

Член 3

Името (називот) на Фондацијата е: Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион (во натамошниот текст - Фондацијата).

Скратен назив на Фондацијата е: Фондација ЛЕР ИТ с.Василево

Член 4

Фондацијата одговара за своите обврски со својот имот и средства.

Член 5

Седиштето на Фондацијата е во општина Василево,с Василево бб.

Фондацијата се организира и делува на подрачјето на Струмичкиот микро регион и на целата територија на Република Македонија.

Член 6

Фондацијата е правно лице**.**

Член 7

Фондацијата има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Фондацијата:Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион, с**.**Василево.

Штембилот на Фондацијата е правоаголен со следниот текст Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион број, с.Василево, дата и место.

Член 8

Работата на Фондацијата е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со припремање на редовни извештаи за нејзиното работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи и со поднесување извештај за работата на органите и телата на Фондацијата, за начинот на користење на средствата на Фондацијата, за материјално-финасиско работење и друго (годишни и периодични финасиски извештаи).

За информирање на потенцијалните корисници на средства на Фондацијата и пошироката јавност, се користитат електронските и пишаните медиуми , како и списанието на фондацијата, доколку вакво има.

Член 9

Основачите на Фондацијата: Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион се:

-Општините Василево,с.Василево бб со Матичен број 6025277 застапувана од Градоначалникот Славе Христов;

- Општина Струмица, Струмица, ул."Сандо Масев" бр.1 со Матичен број 6007040 застапувана од Градоначалникот Зоран Заев со стан на живеење ул."Браќа Миладинови" бр.1/12 Струмица ЕМБ 0810974460019;

- Општина Ново Село с.Ново Село ул. "Мануш Турновски" бб со Матичен број 6020739 застапувана од Градоначалникот Никола Андонов;

- Општина Босилово, с.Босилово бб со Матичен број 5999600 застапувана од Градоначалникот Ѓорги Манушев.

Основачите на денот на основањето на фондацијата го дале следниот основачки влог:

- Општина Струмица уплати на сметката на фондацијата од својата сметка 2.500 евра;

- Општина Василево уплати на сметката на фондацијата од својата сметка 834 евра;

- Општина Ново село уплати на сметката на фондацијата од својата сметка 834 евра;

- Општина Босилово уплати на сметката на фондацијата од својата сметка 834 евра, сите во денарска противвредност според курсот на НБ на РМ.

Член 10

Оснивачките права на основачите на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион не мажат да се пренесат на нивните правни наследници.

Донаторите што вложуваат средства или имотни права по основањето на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион немааат статус на основачи.

Член 11

Фондацијата ја претставува и застапува Извршниот директор на Фондацијата.

Извршниот директор го избира Управниот одбор на фондацијата, со мандат од 4 години, на предлог на Градоначалниците на Општините.

## II. Цели и задачи на Фондацијата

Член 12

Фондацијата како имотна маса обезбедена од оснивачите, ќе се користи заради остварување на поширок интерес и заради постигнување на следните посебни цели и задачи:

-развој на модел за оперативност на партнерството од трите сектори(Јавен, приватен и невладин сектор) и да ги искористи неговите капацитети;

-овозможување на целосна апликација на локалната стратегија за економски развој;

-учество во создавањето на услови за економски развој;

-обезбедување средства потребни во развојот на бизнисот и локалната инфраструктура во среднорочен развоен циклус;

-остварување соработка со владините, невладините институции и други сродни организации;

-вршење промоција на информатичките технологии;

- едукација на млади кадри, членови на невладини организации; невработени лица и други индивидуалци во областа на ИКТ;

-унапредување на информатичките технологии во локалната самоуправа преку остварување соработка со општините;

-создавање можности за одржување на советувања, симпозиуми, трибини и размена на искуства;

- овозможување на практична едукативна надградба на младиот кадар, помагање и подршка на невработените при барање на вработување;

-помагање на вработените, невладините организации и други индивидуални лица на проблемите на кои ќе наидат во текот на нивното работење;

-учество во промовирање на нови инвестиции во областа на компјутеризацијата;

-учество во активностите за обезбедување на нови програмски решенија;

-овозможување на развој на едукативна, културна и забавна надградба во областа на интернетот.

Фондацијата ќе биде менаџер на имплементација на стратегиите и плановите за развој на општините од струмичкиот микро

регион, ќе ја промовира стратегијата за ЛЕР, ќе ги искористи веќе создадените капацитети и услови за информациони комуникациони бази во општините и други активности кои ќе придонесат во создавањето на поволната економска средина и развојот на информатичната технологија.

Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на Струмичкиот микро регион ги остварува целите, правата, интересите и уверувањата за кои е основана, преку стекнување и управување со средства и имот.

Член 13

Фондацијата е составена од два организациони делови и тоа: Сектор за информатички технологии и Сектор за ЛЕР.

## III. Финансирање на Фондацијата

Член 14

Фондацијата своите цели и задачи стартно ги остварува од осивачкиот влог на основачите.

Фондацијата може да стекнува материјални добра, парични средства и имотни права.

Фондацијата средствата може да ги стекне од прилози, донации, подароци, тестамент, легат заверен пред нотар и друго.

Фондацијата може да остварува приходи и од добивка на трговските друштва што ги основала со сопствени средства, заради остварување на своите цели и задачи утврдени со овој Статут.

Фондацијата може да добива средства и од Буџетите на Општините, согласно законот, врз база на сопствената програма за работа и овој Статут.

Член 15

Средствата на фондацијата стекнати согласно член 12 од овој Статут се сопственост на Фондацијата.

Член 16

Фондацијата ги употребува своите средства (приходи) исклучиво за остварување на целите и задачите утврдени со овој Статут.

Член 17

Корисник е лице на кое му се даваат средства кои се во сопственост на Фондацијата.

Корисници на средствата на Фондацијата се сметаат сите правни и физички лица во согласност со статутарните цели на Фондацијата.

Корисници на средствата на Фондацијата се и Основачите, членовите на Управниот Одбор и надзорниот одбор, Извршниот директор, вработените лица во стручната служба на Фондацијата, доколку е тоа во согласност со целите на Фондацијата и овој Статут .

Член 18

За користење и располагањето со средствата одлучува Управниот одбор на Фондацијата, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кој презема мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 19

Управниот одбор на Фондацијата донесува Годишен финансиски план за приходите и расходите на Фондацијата.

Финасискиот план ги содржи приходите на Фондацијата, како и расходите за остварување на целите и задачите на Фондацијата, материјални трошоци и други расходи сврзани со работата на фондацијата.

## IV. Органи на Фондацијата

Член 20

Органи на Фондацијата се:

1. Управен одбор
2. Надзорен одбор и
3. Извршен директор

Член 21

Членовите на Управниот одбор ги именуваат основачите со одлуките за основање на Фондацијата.

Управниот одбор брои 5 членови од кои по еден преставник од секоја општина основач на фондацијата а петтиот кој не е од редот на вработените во Центарот за ЛЕР на

Струмички микро-регион и нивниот мандат трае четири години.

Член 22

Управниот одбор од своите редови избира претседател.

Изборот на Претседателот на Управниот одбор се врши на Првата-конститутивна седница, со јавно гласање на Управниот одбор.

Мандатот на Претседателот на Управниот одбор трае четири години.

Претседателот го свикува Управниот одбор најмалку четири пати годишно.

Претседателот има обврска да свика вонредна седница на Управниот одбор кога најмалку 3 членови на управниот одбор го бараат тоа написмено најдоцна во рок од 10 дена.

Член 23

Член на управниот одбор не може да биде преставуван од друг член на одборот.

Член на Управниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар, роднина до втор степен и за прашања што се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

Член на управен одбор кој сака да истапи од одборот, тоа треба да го стори написмено.

Во случај на испразнето место во Управниот одбор основачот од каде што беше претходниот член со своја одлука назначува лице кое ќе биде член на негово место. Ова лице ќе го врши временски својот мандат онолку колку што преостанува за тоа испразнето место.

Член 24

Управниот одбор на своја седница може да отповика свој член во случаи доколку членот не се придржува на Програмата,Статутот или одлуката за основање на Фондацијата.

Член 25

Управниот одбор Одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на одборот.

Управниот одбор решава со гласање.

Член 26

Членовите на Управниот одбор може да примаат паричен надоместок соодветен на нивните задолженија, доколку тоа го дозволува финансиската состојба на Фондацијата.

Член 27

Управниот одбор е надлежен да:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Фондацијата;
- донесува годишна програма за работа
- донесува правилници, прифаќа спогодби;
- одлучува за условите и распределбата на средствата на корисниците односно за постапката и начинот на користење на средствата на Фондацијата;
- го контролира финансиското работење на Фондацијата, самостојно или преку свое за тоа формирано тело;
- по потреба формира стручна служба на Фондацијата;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела(комисии, бордови и слично) и ја насочува нивната работа;
- Донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
- организира разни акции и манифестации сврзани со целите и задачите на фондацијата;
- го избира и разрешува извршниот директор;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства;
- донесува одлуки за приговори и жалби
- врши и други работи сврзани со остварувањето на целите и задачите на Фондацијата, утврдени со овој Статут.

Член 28

Членовите на Управниот одбор се одговорни за остварување на целите и задачите на Фондацијата, утврдени со овој Статут и во оваа смисла се одговорни пред основачот.

Членовите на Управниот одбор се одговорни за штета предизвикана од нивната работа или поради нејзино запоставување.

Основачите доколку констатираат дека се исполнети условите за одговорност предвидени во став 1 и 2 на овој член, имаат

право да разрешат член на Управниот одбор или целиот Управен одбор.

Поблиски одредби за именување, надлежност, одговорност и начин на работа на Управниот одбор се уредуваат со одлуката за основање на Фондацијата донесени од оснивачите и деловникот за работа на Управиот одбор.

Член 29

Надзорниот одбор брои три члена од кои двајца се претставници на локалите самоуправи на општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село и еден преставник од Партнерството за ЛЕР кој не е од редот на вработените од Центарот за ЛЕР на Струмички микро-регион.

Претседател на Надзорниот одбор се избира од членовите на самиот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за својата работа се одговорни пред основачите кои имаат право да го разрешат Претседателот и член на надзорниот одбор или надзорниот одбор во целост

Член 30

Надзорниот одбор ги врши следниве работи:

- врши надзор над материјалното и финансиското работење на Фондацијата;
- врши испитување на лице место на сите документи и списи на Фондацијата;
- ги прегледува годишниот извештај, финансискиот план, завршната сметка на Фондацијата и дава мислење на Управниот одбор;
- врши контрола за извршувањето на статутарните и програмски задачи ; одлуки на Управниот Одбор и другите тела на Фондацијата;
- врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седница на Управниот одбор и на нив им се доставува покани и материјали како што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Член 31

Фондацијата ја застапува, претставува и во нејзино име потпишува извршниот директор.

Член 32

Извршниот директор ги врши следните работи:

- ја организира и раководи работата на Фондацијата;
- ги предлага основите на деловната политика, програмата за работа и развој и презема мерки за нивно спроведување;
- одлучува за прием, распоредување и престанок на работа на работниците на определени работни места;
- одлучува за службени патувања во странство и донесува соодветна одлука за надоместок за патувањето;
- донесува одлуки, упатства, наредби, решенија или други акти во рамките на своите надлежности;
- одговорен е за законитоста во работењето на Фондацијата;
- го подготвува извештајот за раководењето и управувањето со Фондацијата и годишните сметки во завршувањето на деловната година и ги поднесува на Уравниот одбор;
- одговорен е за материјалното и финансиско работење на Фондацијата
- се грижи за извршување на одлуките, заклучоците и задачите на Управниот одбор;
- врши и други работи за кое ќе го овласти Управниот одбор.

## V. Престанок на Фондацијата

Член 33

Фондацијата престанува:

- ако се утврди дека престанала со работа;
- ако средствата не се доволни за остварување на нејзините цели и задачи определени со Статутот;
- ако го изгуби својот имот;
- ако целта за која е формирана е исполнета или не може да се исполни
- со стечај;
- со одлука на основачите на предлог на Управниот одбор;
- ако работи спротивно на одредбите на член 3 И 4 од Законот за здруженија и фондации;
- ако работењето на Фондацијата не е во согласност со нејзиниот Статут.

Овластениот застапник на Фондацијата, во случај на настапување на

некоја околност предвидена со овој член, должен е во рок од 15 дена по нејзиното настапување, да го извести Основниот суд во кое е регистрирана Фондацијата.

Член 34

Во случај на престанок со работа на Фондацијата преостанатиот имот, по подмирувањето на нејзините обврски, преминува на користење на Фондација која има слични цели, а која ќе ја определи Управниот одбор со одлука за престанок со работа.

Доколку управниот одбор не определи фондација, управниот одбор со одлука преостанатиот имот го дели сразмерно на основачкиот влог.

## VI. Преодни и завршни одредби

Член 35

Толкувањето на одредбите на овој Статут го прави Управниот одбор на Фондацијата.

Член 36

Измени и дополнувања на овој статут се вршат на Начин и постапка како и за неговото донесување.

Член 37

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, поединечно од страна на Советот на општина Струмица, Советот на општина Василево, Советот на општина Босилово и Советот на општина Ново Село, а ќе се применува со денот на уписот на Фондацијата во судскиот регистар.

Бр.07-6602/1 Совет на општина Струмица
27.09.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион

Се објавува Програмата на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро регион, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 26.09.2006 година.

Број 08- 6601/2 Градоначалник
27.09.2006 од. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

## 147.

Врз основа на член од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (“Сл. весник на РМ“ бр.31/98) и член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 26.09.2006 година донесе

**П р о г р а м а**
**на Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро-регион**

Фондацијата за локален економски развој и информатичка технологија на струмичкиот микро-регион, како имотна маса пружена од основачите ќе се употребува за остварување на следните цели:

1. Развој на модел за оперативност на партнерството од трите сектори и да ги искористи неговите капацитети;
2. Овозможување на целосна апликација на локалната стратегија за економски развој ;
3. Учество во создавањето на услови за економски развој;
4. Обезбедување средства потребни во развојот на бизнисот и локалната инфраструктура во среднорочен развоен циклус;
5. Остварување соработка со владините, невладини институции и други сродни организации.

**Задачи на фондацијата би биле:**

1.Промовирање на локалната стратегија за економски развој на струмичкиот микро регион и инвестиционите потреби за нејзина реализација;

2. Менаџирање на имплементацијата на стратегиите и плановите за развој во соработка со локалните власти и локалните структури на трите заинтересирани сектори (приватен, невладин и јавен);

3. Искористување на веќе создадените капацитети и услови на информационо комуникациони бази во струмичкиот микро регион како електронска поддршка на сите заинтерсирани страни во локалниот развој;

4. Активно учество во идентификувањето на финансиски ресурси и практичното насочување на истите кон приватните, јавните и невладините структури за нивно учество во микро, макро и регионални проекти;

5. Промовирање на иновациски пристапи во промоцијата на државно-приватните партнерски активности во нивната борба за тековен и иден одржлив економски развој;

6. Следење и поттикнување на заеднички иницијативи од локалната со другите општини за покомплексни прашања и проблеми, кои преку меѓуопштински проектни решенија битно ќе ги унапредуваат и условите за локален развој;

7. Поврзување со активни програми и фондации кои од државно ниво пласираат средства за нови инвестициони вложувања во сферите кои непосредно влијаат на развојот на локалната самоуправа, а не се содржани во усвоената стратегија;

8. Изработување проекти од локален интерес и поддршка на веќе проектираните индивидуални идеи за приватен и јавен развој, со промоција пред евентуални донатори на средства;

9. Изнаоѓање инвеститори и менаџирање со средствата од истите во насока на локален економски развој;

10. Давање консалтинг услуги на сите заинтересирани странки со цел поттикнување на индивидуалниот бизнис и преку него стимулирање раст на локалната економија.

**Цели и активности во однос на информатичка и комуникациска технологија**:

1. Поддршка на Локалната самоуправа:

   а. Обезбедување на обука од областа на ИКТ (информатичка и комуникациска технологија) за вработените во Локалните самоуправи, прилагодена на нивните потреби;

   б. Помош и поддршка на Локалните самоуправи во процесот на воведување на ИКТ;

   ц. Учество во проекти на ЛС кои подржуваат ИКТ;

   д. Идентификација и дефинирање на е-сервиси кои ЛС би требало во иднина да ги овозможат.

**2.Обезбедување на едукација за информатичка и комуникациска технологија:**

*а. Бесплатна едукација за основни* ИКТ вештини – бројот на слушатели кои ќе ја посетуваат оваа едукација ќе биде лимитиран (во секој циклус на курсеви ќе бидат вклучени една до две групи, во зависност од потребите на слушателите и можностите на фондацијата), а нивната селекција ќе се врши во соработка со Центарот за социјални грижи и Бирото за вработување, за да се идентификуваат лицата на кои оваа обука навистина ќе им помогне;

*b.Едукација за основни и напредни Office вештини по бенефицирани цени* – оваа едукација ќе биде наменета са следните целни групи:

- Невработени лица кои се пријавени во Заводот за вработување – за да се овозможи нивна доквалификација од областа на ИКТ;
- Членови на НВО'и – за да се помогне во зајакнувањето на капацитетите на невладиниот сектор;
- Ученици од основните и средните училишта, студенти – да се овозможи надоградба на нивното образование од областа на ИКТ;
- Вработени во јавната администрација и јавните претпријатија – со цел да се помогне во зголемување на ефикасноста во работењето на јавните институции и да се даде придонес на реформата на јавната администрација;
- Вработени во мали, средни и микро претпријатија, занаетчиски работилници – со цел да се даде придонес на локалниот економски развој.
- Едукација по регуларни цени – овие курсеви ќе бидат наменети

за сите граѓани на општините Струмица, Ново Село, Василево и Босилово, а освен основните и напредните Office курсеви, ќе се овозможат и курсеви за други апликации за кои ќе се појави интерес.

3. Обезбедување на едукација од други области.

4. ИКТ поддршка на локалниот економски развој преку соработка со мали, средни и микро претпријатија:

а. Обезбедување на информации во врска со бизнисот;
б. Поставување на база на податоци за локалните ресурси:
ц. Обезбедување на информации за пазарот на труд на локлано ниво;
д. Обука за вработените во овие претпријатија;
е. Претставување на производите и услугите на овие претпријатија на Бизнис web портал.

5.Поддршка за формулирање и имплементација на Националната ИКТ стратегија:

а.Обезбедување на совети и идентификација на приоритетите на локално ниво;
б.Обезбедување на техничка помош.

6.Формирање на ИКТ асоцијација - во оваа асоцијација ќе бидат вклучени сите ИКТ центри и фондации во Република Македонија, подржани од УНДП.

7.Промовирање на информатичката и комуникациската технологија;

8.Учество во промовирање на нови технологии и инвестиции во обласста на ИКТ;

9.Обезбедување на различни сервиси од областа на ИКТ;

10.Создавање можности за одржување на семинари, советувања, разни презентации, трибини и размена на искуства, пред се од областа на ИКТ, но и од други области од интерес на граѓаните.

Бр.07-6601/1 Совет на општина Струмица
27.09.2006 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.